***РЖ ЕКОНОМИКА АД СКОПЈЕ***

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ДЕЛОВНИОТ РЕЗУЛТАТ**
**ЗА ПЕРИОД 01.01-31.12.2023**

РЖ Економика АД Скопје на крајот од календарската 2023 година забележа позитивен финансиски резултат и оствари нето добивка од 640.031,00 ден.

**а**.Друштвото нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

**б**.Оперативните приходи во износ од 19.911.702,00 ден. бележат раст од 8% во однос на претходната година.Во нивната структура доминираат оние од продажба на резервни делови,која е поизразена во првиот и третиот квартал од годината со раст од 12%.Следат приходите од наемнини зголемени за 8%,додека кај услугите нема позначајни отстапувања во однос на 2022 година.
Забележан е пад кај останатите оперативни приходи од работењето, додека финансиските приходи се зголемени за 63% во однос на претходната година.

**в**.Кај оперативните расходи во износ од 19.119.804,00 ден. има раст од 5% во однос на деловната 2022 година.Забележано е зголемување кај трошоците за суровини и материјали од 15% и кај услугите со карактер на материјални трошоци од 38%,а пад кај оние за вработените и делот на останати трошоци од работењето во однос на претходниот период.
Финансиските расходи имаат незначителна ставка на крајот од пресметковната година.

**г**.Не е исплатена дивиденда во текот на 2023 година.

**д**. Извршени се вложувања од 3.423.012 ден. во материјални средства, при што позначајни се ставките за адаптација и реновирање на деловен простор за изнајмување,легализација на земјиште,набавка на канцелариска опрема и инвентар.

**ѓ**. Друштвото нема кредитни задолжувања.

**е**.Во текот на 2023 година Друштвото успеа користејќи ги своите ресурси и потенцијал во постојниот деловен и стопански амбиент,да ги зголеми приходите од примарните приходни дејности и да забележи позитивен финансиски резултат.
За претстојниот период се планираат активности за откуп на градежно земјиште и легализација на објекти на Друштвото, како и инвестиции за обнова и ставање во функција на неактивен недвижен имот и потенцијален деловен простор за изнајмување.
Продолжуваат и напорите за пласман на пазарот и зголемување на приходите од продажба на резервните делови за машинска и индустриска опрема.